Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА, по скратена постапка

Скопје, јули 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Е pranuar: 25. 07. 2025
Орг. един. / Njësia Org: 08 | Број / Numër: 4196/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlerë:

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Драган Ковачки
ПАВЛЕ АТРОСКИ
Бојан Стојаноски



2

ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 308/20, 87/23 и 148/25) се утврдуваат условите за пуштање на пазар и почетокот на користење на возилата, регистрацијата и техничката исправност на возилата, условите за извршување на работи на техничките служби, правните лица за технички преглед и правните лица за регистрација и регистарот на податоци за возилата.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност и се уредува дека за посебни возила на Агенција за национална безбедност се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Агенцијата за национална безбедност.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила се заснова врз истите цели и начела врз кои е заснован Законот за возила.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА

### Член 1

Во Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 308/20, 87/23 и 148/25), во членот 27 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„(4) Директорот на Агенцијата за разузнавање го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за разузнавање.

(5) Директорот на Агенцијата за национална безбедност го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за национална безбедност. “.

### Член 2

Во член 32 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок на ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Агенција за национална безбедност се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Агенцијата за национална безбедност. “.

Ставот (4) станува став (5).

### Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со предложените измени и дополнувања се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност и се уредува дека за посебни возила на Агенција за национална безбедност се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Агенцијата за национална безбедност.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на предложените изменувања и дополнувања ќе се изврши надминување на констатираните проблеми во имплементација на законот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 27

Поблиски прописи

(1) Министерот за внатрешни работи поблиску ги пропишува:

- начинот и постапката на регистрација на возилата согласно со членовите 26 и 31 од овој закон,
- начинот и постапката на одјавување на возилата согласно со членовите 40 и 41 од овој закон,
- формата и содржината на образецот на барањето за издавање на потврда за пробно возење, формата и содржината на обрасците на сообраќајната дозвола и на потврдата за пробно возење, како и начинот на пополнување на образецот на потврдата за пробно возење и постапката на нивно издавање согласно со членовите 26, 32 и 33 од овој закон,
- формата и содржината на печатот со кој се врши заверка на извршената регистрација на возилото во сообраќајната дозвола согласно со членот 31 од овој закон,
- формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата како и начинот и постапката на нивното издавање согласно со членовите 34, 35, 36, 37, 38 и 39 од овој закон,
- регистрациони подрачја за возилата и нивни ознаки согласно со членот 30 од овој закон,
- поблиски услови во однос на просторот, опремата, кадрите, формата, содржината и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици од страна на правните лица овластени за вршење на технички преглед на возила и на правните лица кои пуштаат возила на пазар, доколку издаваат потврди за пробно возење и пробни таблици, согласно со членовите 30 и 38 од овој закон,
- висината на трошоците во постапката за издавање на регистерски таблици во рамките на реално потребните трошоци за нивно издавање, согласно со членот 5 од овој закон и
- форма и содржина на налогот за пробно возење, начин на издавање и користење на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна преносива метална таблица, како и форма и начин на водење на евиденција за нивно издавање.

(2) Министерот за одбрана го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Армијата на Република Северна Македонија и на возилата на Министерството за одбрана, како и формата и содржината на регистарските таблици.

(3) Министерот за внатрешни работи го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Полицијата во Министерството за внатрешни работи, како и формата и содржината на регистарските таблици.

Член 32

Сообраќајна дозвола и регистарски таблици

(1) За регистрирано возило се издава сообраќајна дозвола и пропишан број на регистарски таблици согласно со членот 26 од овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член при откривање на кривични дела и нивни сторители, како и при обезбедување на личности и објекти, за посебни возила на полицијата се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи, и регистарски таблици во случај кога за тоа ќе определи министерот за внатрешни работи.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Агенцијата за разузнавање се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога за тоа ќе определи директорот на Агенцијата за разузнавање.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи од областа на разузнавањето, контраразузнавањето, спречувањето и откривањето на кривични дела и заштита на силите, за посебни возила на Министерството за одбрана се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици, кога за тоа ќе определи министерот за одбрана.